Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневните настани 14.04.2023

На 13.04.2023 во 22.45 часот на магистралниот пат М1, во правец Гевгелија-Скопје, на место викано „Паркинг Милетково" полициски службеници од Полициска станица Богородица го лишиле од слобода Д.Ѓ.(36) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти", казниво по чл.418 б ст.4 и кривично дело „фалсификување исправа", казниво по чл.378 ст.3 во врска со ст.1 од Кривичниот законик. Тој бил затекнат како прифаќа осум лица мигранти од Сирија во патничко возило „ауди А4" со винички регистарски ознаки, кои биле од друго возило. За настанот бил известен Јавен обвинител. Лицата мигранти се сместени во Прифатно-транзитен центар „Винојуг" Гевгелија за понатамошна постапка, а пријавениот Д.Ѓ. бил предаден на полициски службеници во Полициска станица Гевгелија и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.04.2023 во 21.45 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници го лишиле од слобода А.О.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 14.04.2023 во 01.30 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Р.А.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.04.2023 во 22.05 часот на наплатна станица „Миладиновци" на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници ги лишиле од слобода И.Р.(22) и И.З.(38) двајцата од Берово, затоа што кај И.Р. била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (13.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 193 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 86 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за непрописно престројување на возила. Изречени се една мерка за возење под дејство на алкохол, три санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила...

Во текот на вчерашниот ден (13.04.2023), во периодот од 12.00 до 16.00 часот, на територијата на Република Северна Македонија спроведена е акциска контрола на возила што вршат јавен превоз на ученици. При контролата констатирани се 47 сообраќајни прекршоци. На вонреден технички преглед биле упатени осум возила. Сообраќајните контроли за зголемување на безбедноста на учениците од дома до училиште и од училиште кон дома продолжуваат и во наредните денови.

На 13.04.2023 во 16.00 часот на регионалниот пат за ХЕЦ „Козјак"- с.Батинци, скопско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко „ауди А4", управувано од Е.Р.(24) од Скопје и патничко возило „фолксваген венто", управувано од М.М.(42) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешка телесна повреда се здобила сопатничка од возилото „фолксваген венто", Ѓ.Б.(41) од Скопје, а со телесни повреди се здобиле сопатничка од истото возило, Ѓ.М.(39), како и возачот на „ауди А4", Е.Р. и неговата сопатничка З.Р.(82), констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 13.04.2023 во 14.38 часот во СВР Штип е пријавено дека околу 13.30 часот во Кочани, на ул. „Страшо Пинџур", во близина на место викано „Стришанска чешма", мопед „томос" со кочански регистарски ознаки, управуван од Ј.М.(70) од Кочани, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешка телесна повреда, констатирана во Јавна здравствена установа Кочани. Увид на местото извршила екипа од Полициска станица Кочани.

На 13.04.2023 во 20.30 часот во Полициска станица Карпош, Е.С.(43) од Скопје пријавила дека во Градскиот парк во Скопје била касната од куче со сопственик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (14.04.2023) од страна на Единица за насилен криминал – Одделение за насилен криминал при СВР Скопје до ОЈО Скопје е поднесена кривична пријава по брза постапка за против К.С.(32) од Скопје, поради основано сомнение дека извршил кривични дела „насилство" и „напад на службено лице при вршење работа на безбедност", казниви по чл. 386 и чл.383 од Кривичниот законик. Тој се сомничи дека на 13.04.2023 во 14.00 часот во авто сервис на подрачјето на Чаир во Скопје, се однесувал агресивно и со тврди предмети ги нападнал Д.З.(41) од Скопје и вработените З.А., Р.К., В.И.(42), како и Г.А.(42) од Скопје, вработен како обезбедување кој вршел службени дејствија. Во координација со Јавен обвинител, полициски службеници веднаш го лишиле од слобода К.С., а во текот на денот со кривичната пријава ќе биде изведен пред Судија на претходна постапка.

На 13.04.2023 во 14.20 часот во Полициска станица Бит Пазар, Б.К.(58) од Скопје пријавила дека околу 14.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходно недоразбирање, била физички нападната од нејзин поранешен роднина С.И.(56) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 во 18.30 часот во Полициско одделение Сарај, К.И.(64) од Скопје пријавил дека во 17.00 часот во близина на угостителски објект во с. Сарај, скопско, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од Ј.А.(32) од с. Сарај. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 во 22.04 часот во Полициска станица Аеродром, Д.А.(45) од Скопје пријавил дека во 21.58 часот, во близина на Меѓуградската автобуска станица Скопје, на подрачјето на Аеродром, поради недоразбирање во сообраќајот, бил нападнат со тврд предмет од С.И.(41) од с. Страхојадица, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 околу 22,40 часот во Полициско одделение Петровец, И.К.(36) од Скопје пријавила дека околу 21.00 часот во нејзиниот дом на подрачјето на Илинден, по претходна расправија, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од четири лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 во 17.45 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници го лишиле од слобода С.А.(49) од Скопје, постапувајќи по пријава според која на 12.04.2023 околу 22.00 часот во семејниот дом во населба Пинтија агресивно се однесувал кон неговата сопруга и се заканувал со пиштол. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.04.2023 во 19.40 часот во Полициска станица Куманово, Л.Н.(42) од с. Тромеѓа, кумановско, пријавила дека околу 11.00 часот, додека била на училиште, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од нејзин соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 во 14.30 часот во Полициска станица Радовиш, Н.П.(41) од с. Подареш пријавил дека на 08.04.2023 околу 02.00 часот пред такси компанија во Радовиш бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 во 01.00 часот во Полициска станица Велес, И.З.(19) од с. Бузалково, велешко, пријавил дека на 12.04.2023 околу 23.30 часот во с. Бузалково бил физички нападнат од Е.И.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 во 20,30 часот во Полициска станица Гевгелија, Б.Б.(51) од Гевгелија пријавила дека околу 17.00 часот во дворот на основно училиште во Гевгелија нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 во 21.00 часот во СВР Скопје е пријавено дека околу 17.00 часот во домот на М.Д.(88) од Скопје на подрачјето на Аеродром, машко и женско лице со закана му одзеле паричник со пари и лични документи, како и два мобилни телефона. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 во 22.00 часот во СВР Скопје, Х.И.(51) од Скопје, пријавила дека на 12.04.2023 околу 22.30 часот, пред угостителски објект на подрачјето на Гази Баба, нејзиниот 16-годишен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 околу 00.30 часот во Полициска станица Битола било пријавено дека во атарот на с.Древеник, битолско, од кругот на базни станици сопственост на телефонски оператори, со употреба на погоден алат се одземени повеќе предмети. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Битола и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 околу 21.00 часот пред трговски центар на подрачје на Гази Баба, по претходно недоразбирање во сообраќајот, едно лице кое управувало патничко возило „форд", со тврд предмет го скршило стаклото од патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано И.П.(39) од Скопје, кој бегајќи со возилото, учествувал во сообраќајна незгода со уште две возила. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 околу 18.00 часот во СВР Скопје е пријавено дека на подрачје на Бутел, поради претходни недоразбирања и расправии, В.Р.(21) од Скопје бил физички нападнат од О.Х. и Љ.Ј., при што О.Х. му нанел повреди со нож. На В.Р. му била укажана лекарска помош во Градската општа болница „8 Септември". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.04.2023 во 21.14 часот во СВР Скопје е пријавено дека на автобуска постојка на бул.„АСНОМ", на подрачјето на Аеродром, била пронајдена почината М.Г.(45) од Скопје. Според пријавеното, додека била во патничко возило „рено канго" со скопски регистарски ознаки, заедно со нејзиниот познаник Т.Н.(50) од Скопје, на М.Г. ѝ се слошило и починала. Од лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт без видливи траги на насилство. По наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет